# GLOBE
## Во МАКЕДОНИЈА

Broj 2, Esen 2000

### Министерот за животна средина и просторно планирање на РМ и Амбасадорот на САД во посета на средното училиште "Нико Нестор" од Струга

Во текот на месец април министерот за животна средина господинот Тони Поповски и американскиот амбасадор во РМ Mr. Michael Einik го посетија училиштето за средно образование "Нико Нестор" во Струга, едно од најуспешните ГЛОБЕ училишта во Република Македонија. Главен повод за оваа посета беше признанието кое му беше доделено на училиштето за имплементацијата на програмата ГЛОБЕ, особено во сферата на хидролошките испитувања. Во рамките на програмата ГЛОБЕ училиштето “Нико Нестор” е назначено со "Почесната титула за главни научници" што претставува признание за големиот број на доставени податоци.
Министерот Тони Поповски заедно со американскиот амбасадор Mr. Michael Einik во училиштето “Нико Нестор” се сретнаа со учениците и професорите кои работат на програмата ГЛОБЕ. Во текот на посетата амбасадорот Einik, со доделување на ГЛОБЕ наградата, лично им честиташе на учениците со што ги поттикна да продолжат и понатаму со својата успешна работа. На двајцата високи гости учениците им ја претставија метеоролошката станица и ГЛОБЕ училиницата, каде што се презентираат извршените мерења и каде што се дискутираат добиените резултати. Заклучокот на двете страни беше дека помеѓу учениците владее голем интерес и мотивација за програмата ГЛОБЕ без разлика на ограничените услови. Имајќи го ова предвид, учениците и професорите веруваат дека во иднина програмата ГЛОБЕ во ова училиште и понатаму ќе продолжи успешно да се спроведува.

Климент Санџакоски
ДСУ “Нико Нестор” - Струга

### Размена на знаење и искуства за ГЛОБЕ помеѓу ГЛОБЕ ученици и професори од РМ и Хрватска

Од 27 до 30 јуни оваа година во Лабин, Хрватска, претставници од ГЛОБЕ училиштата од Валандово, Струга и Прилеп и доброволката од американскиот Мировен Корпус во Република Македонија имаа можност да присуствуваат на средбата на хрватските ГЛОБЕ училишта. Ова патување беше главно помогнато од Американската амбасада во РМ и Министерството за животна средина и просторно планирање. Овој престој во Хрватска придонесе нашите претставници да се запознаат со тамошниот начин на работа на ГЛОБЕ училиштата.

Карактеристично за овој проект во Хрватска е тоа дека таму ГЛОБЕ програмата е изборен предмет во наставата, што се покажува со фактот дека повеќето основни и средни училишта се вклучни во програмата ГЛОБЕ. Токму поради големиот број на училишта, а со цел извршување на потребните мерења потребно е тие сами да обезбедат тест кутии (китови) и друга опрема за вршење на мерењата.

На овогодинешните средби во Лабин сите училишта кои учествуваа имаа можност да презентираат дел од својата работа. Од нивните презентации можеше да се види дека учесниците навистина се залагаат за оваа програма. Подоцна најдобрите проекти освоија и вредни награди.

И училиштата од Македонија, иако беа само во својство на набљудувачи, сепак добија можност за презентација која во најголема мера беше искористена од учениците од средното училиште во Валандово кои преку фотографии ја прикажаа својата работа. Оваа презентација наиде на одличн прием од страна на претставниците од хрватските училишта.

Маја Органџиева
ДСУ “Гоце Делчев” - Валандово

### Семинар за обука на ГЛОБЕ предавачи одржан во Киев, Украина

Во периодот од 6-17 август 2000 година во, Киев, Украина во рамките на програмата ГЛОБЕ и во организација на ГЛОБЕ Украина, се одржа меѓународен семинар за обука на ГЛОБЕ предавачи кои во текот на новата учебна 2000/01 година ќе започнат со имплементација на програмата ГЛОБЕ во своите училишта.
На ГЛОБЕ семинарот беа обучени наставници од повеќе земји од југоисточна Европа, како и доброволци на Американскиот мировен корпус кои во земјите работат на програмата ГЛОБЕ заедно со наставниците и учениците. Македонската група ја сочинуваа осум члена и тоа наставници од различни средни училишта од Република Македонија како и претставници на Американскиот мировен корпус во Македонија.

Предавањата ги држеа официјални ГЛОБЕ предавачи од Соединетите Американски Држави. Најнапред беа претставени целите и структурата на семинарот како и целосен глобален преглед на спроведување на програмата ГЛОБЕ.



**Македонскиот тим прктично извршува атмосферски протоколи**

Во текот на првите пет дена на предавањата беа презентирани ГЛОБЕ протоколите за хидрологијата, почва, атмосфера и земјина покривка по што следуваа два дена на обука во истите области.
Вежбите кои беа презентирани, а потоа и практично изведувани претставуваа корисно практично искуство за сите учесници на семинарот. Овие вежби вклучуваа работа со компјутер пред се фокусирана на пребарување на ГЛОБЕ Интернет страницата како и начинот на коректно и точно внесување на податоци наменети за реализација на ГЛОБЕ програмата. Учесниците исто така беа обучени да ги толкуваат сателтските снимки на протоколите за земјина покривка.

Пред самото завршување на семинарот националниот ГЛОБЕ координатор на Украина ја претстави програмата ГЛОБЕ и нејзиното спроведување во Република Украина, а македонските учесници ја претставија имплементацијата на програмата во Македонија како и идните планирани активности и задачи за спроведување на програмата во Македонија. Следуваа и презентации на претставниците од другите земји кои присуствуваа на семинарот.
На крајот на семинарот на учесниците им беа доделени сертификати за ГЛОБЕ предавачи. На овој начин тие се овластени да обучуваат идни ГЛОБЕ предавачи/инструктори во Република Македонија.
На овој начин ќе се врши поефикасно прибирање на податоци од Република Македонија потребни за понатамошна реализација на ГЛОБЕ програма. Учесниците исто така имаа можност да контактираат и разменат искуства како меѓусебно така и со ГЛОБЕ предавачите од САД.

Ирена Пановска и Joellen Reineck

Министерство за животна средина
и просторно планирање на РМ

## КАЛЕНДАР

Окт./ Ноем., 2000

Посета на училиштата ГЛОБЕ
од страна на одговорните

Дек./ Јан., 2000

Материјали со информации
и пријавување
за истражувачкиот натпревар

Февруари 2000

Локални училишни натпревари
за истражувачкиот натпревар

Март 2000

Локални училишни натпревари
за истражувачкиот натпревар

Денови на пролетта -
Денови на екологијата

Април, 2000

Национален ГЛОБЕ
истражувачки натпревар

Ден на планетата замја

## Обновување на ГЛОБЕ серверот: Промена на влезните податоци

Следниот пат кога ќе се логирате на ГЛОБЕ веб страната **www.globe.gov** обрнете внимание на промените на страната. Станата за внесување на податоци е обновена со содржините на новите протоколи.
Овој пат нема да ги додадеме новите протоколи за озон, притисок итн., но ќе се потрудиме да обезбедиме потребни материјали за овие протоколи.
Меѓутоа, предавачите и учениците треба да водат сметка за промените кои се направени на протоколите за покривката на облаци. Овие промени ќе се одразат на начинот на кој ќе ги снимите и внесете набљудувањата на облаците. Ние ќе ви ги испратиме обновените листови за внесување на податоци и на англиски и на македонски јазик. Таму се променети некои од поимите кои се употребуваат за разликување на покривката на облаци.

Се уште сте во состојба да ги внесувате податоците во стариот формат но оваа опција ќе ви биде овозможена до **31 август 2001 година**. Затоа ве поттикнуваме што е можно побрзо да започнете да ја употребувате новата терминологија наведена во листовите за внесување на податоци.

## Годишна конференција на национални координатори

На 8-9 септември во Санторини, Грција се одржа редовниот годишен состанок на Европските национални координатори од 28 земји членки на програмата ГЛОБЕ во Европа на кој присуствуваше и националниот ГЛОБЕ координатор од Македонија г-ѓа Светлана Ѓорѓева. Во склоп на конференцијата беше одржан и работилница за Еколошко образование во училиштата на полето на квалитетот на воздухот, а исто така беше претставена и состојбата на квалитетот на воздух во Европа. Беа презентирани и новите протоколи за воздух и оддржливиот развој, и данскиот нов концепт за еколошка едукација наречен - Зелен пристап во данскиот едукативен систем.

## ГЛОБЕ Потсетник

**<u>Земање податоци</u>**

**<u>Запомнете:</u>**
**Секој податок се брои!**

Кога се читаат дневните атмосферски мерења, на пример ако за месец Јули има нула 0 за врнежи за снег, оваа вредност ќе се смета и вкличи во вкупниот број на вашите доставени податоци.

**<u>Запомнете:</u>**
**За податоците кои недостасуваат внесете М!**

Ако во одреден ден не извршите мерења за некој од бараните протоколи, а ГЛОБЕ веб страната бара внесување на податок, тогаш треба да внесете **М** за податокот кој недостасува.

## Обука за протоколите за почва

Во овој момент обучени се осум ГЛОБЕ предавачи да работат со протоколите за почва. Овие наши професори имаа можност да бидат обучени за работа со овие протоколи за време на нивниот престој и работа на семинарот кој се одржа во Киев, Украина.
Во училиштата во Пробиштип, Кавадарци и Струмица ќе се одреди и уреди одредена земјина површина каде ќе се применуваат протоколите за почва. Протоколите за почва бараат извршување на повеќе активности, за некои од нив потребна е печка за сушење, отстранување на влажноста од земјата, додека пак за останатите не е потребна некаква специјална опрема. Ве молиме, доколку постои интерес кај вашите ученици да се обучат за протоколите за почва, слободно да ни се обратите во Министерството. Во тој случај ние ќе организираме предавачите да го посетат вашето училиште и да работат со сите заинтересирани.

## ГЛОБЕ ученички истражувачки натпревар

Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за образование ќе го организира Првиот Национален ГЛОБЕ истражувачки натпревар. На натпреварот индивидуално и тимски учениците ќе имаат можност да ги презентираат своите истражувачки проекти, а најдобрите од нив на Националниот Натпревар кој ќе се одржи на 20 април 2001 година ќе бидат наградени. Во своите проекти учениците ќе користат ГЛОБЕ податоци за анализа на феномените во однос на животната средина во Македонија и светот.
Информации за пријавување и учество ќе бидат достапни од декември 2001.



Страшо Даов - професор по биологија од Струмица, зема примероци од почва, ГЛОБЕ тренинг, Киев, Украина

## ГЛОБЕ училишни извештаи

Прилеп - О.У. “Пере Тошев”
5199 мерења - атмосфера

Ресен - О.У. “Гоце Делчев”
1986 мерења - атмосфера

Скопје - О.У. “Димитар Миладинов”
596 мерења - атмосфера

Струга - ДСУ “Нико Нестор”
5452 - мерења - атмосфера, хидрологија, земјина покривка

Валандово - ДСУ “Гоце Делчев”
3765 - мерења - атмосфера, хидрологија и земјина покривка

Programa GLOBE ~ Informativen centar za `ivotna sredina ~ Ministerstvo za `ivotna sredina 1000 Skopje, "Drezdenska" 52,
tel. 366-930; faks. 366-931, e-mail:infoeko@moe.gov.mk www.globe.moe.gov.mk